**Член 16**

Доколку бројот на фиксна телефонија и интернет со веб хостинг кои ги користи договорниот орган падне под договорениот минимум, согласно со условите од тендерската документација, договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му исплати еднократна договорна казна во износ од 3540 денари за секоја деактивирана фиксна линија и 7080 денари за секој деактивиран интернет приклучок и 28320 денари за секоја деактивирана web hosting услуга.

**ВИША СИЛА**

**Член 17**

Користењето на услугите кои ги обезбедува носителот на набавката може да биде прекинато поради дејство на Виша сила. Под Виша сила се подразбира настан независен од волјата на договорните страни, чие наспатување не можело да се спречи или предвиди и поради кои исполнувањето на обврските од договорот станало отежнато или неможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: природни настани, општествени настани (штрајк, немири, војна) акти на јавната власт, нарушување на функционирањето на телекомуникацискиот систем и сл.

Носителот на набавката не сноси никаква одговорност кон договорниот орган поради прекин на услугите, предизвикан од настан на Виша сила.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 18**

Договорот влегува во сила со денот на неговото потпишување и има важност 1(една) година од денот на потпишувањето.

**Член 19**

Овој договор се смета за реализиран, по истекот на неговото времетраење или по искористување на максималната вредност од членот 6 од овој Договор,за што договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавката.

**Член 20**

Во случај на спор, надлежен е Основен Суд Скопје 2 – Скопје.

За се што не е предвидено со овој договор, ќе се применат соодветните одредби од Законот за облигационите односи и Законот за електронските комуникации.

**Член 21**

Договорот е сочинет во 4 (четири) еднакви примероци од кои по 2 (два) примерока за секоја од договорните страни.

**Набавувач:**
ЈЗУУ Клиника за Неврологија-Скопје
В.Д. Директор
Д-р. Иван Барбов

Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија

**Добавувач:**
ДКУ-ОНЕ.ВИП ДООЕЛ Скопје
Директор за деловна продажба:
Ренато Дивјак

vip
Друштво за комуникациски услуги
оне.Вип ДООЕЛ Скопје
1